Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 19.11.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 5889 | 1 | |

19:22

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-5664/1 од 16.11.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

# П Р Е Д Л О Г
## за изрекување мерка

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-5664/1 од 16.11.2016 година, за програмата емитувана во периодот од 1 до 10 ноември 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се член 75 став 1 и член 75-б од Изборниот законик (кои согласно член 196-в од Изборниот законик, се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година).

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-5664/1 од 16.11.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се поведе прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – глоба за прекршување на член 75-б од Изборниот законик.

## О б р а з л о ж е н и е

До Привремената комисија за следење на медиумското претставување на 16.11.2016 година доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-5664/1 од 16.11.2016 година, емитуван во периодот од 1 до 10 ноември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје бр.10-5664/1 од 16.11.2016 година, емитуван во периодот од 1 до 10 ноември 2016 година, како и врз основа на непосредни дополнителни согледувања при анализа на одредени прилози емитувани во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерот во истиот период, Привремената комисија за следење на медиумското претставување констатираше дека спротивно на наведениот член 75-б од Изборниот законик („известувањето за работата на државните органи, органи на општини и на град Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и други лица на кои со закон им е доверено вршење на јавни овластувања не смее да биде во функција на изборно претставување"), во рамките на емитуваната програма на овој радиодифузер, во мониторираниот период од 1 до 10 ноември 2016 година, констатирани се 7 (седум) прекршувања на член 75-б од Изборниот законик, во следниве прилози „каде има поврзување на власта со политичкиот субјект", односно прилози за редовни активности на власта во функција на изборно медиумско претставување на политичкиот субјект - Внатрешна македонска револуционерна организација - Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), и тоа:

**Обсервер на Нова во 19 часот на 01.11.2016**

- во периодот од 19:12:30 до 19:15:31 часот, емитувани се прилози под наслов: „Во Скопје ќе бидат обезбедени нови 1.318 медицински апарати, вредни 13.5 милиони евра", „Вкупно 3700 апарати за секој град во државата, за над 100 болници", „Докторите задоволни од најавата за набавка на нова медицинска опрема" – во кој Никола Тодоров од позиција на министер за здравство, зборува за значењето на набавката на нова опрема, предизборно ветување дадено од претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, со што се поврзува власт и партија. Покрај него, во прилогот говорат и проф. д-р Александар Чапаровски – директор на Клиниката за неврохирургија, д-р Виктор Камиловски - хирург на Клиниката за хируршки болести „Св. Наум", д-р Аспазија Софијанова - директорка на Клиника за детски болести и Тања Баевска Вучковиќ - директор на Здравствен дом - Скопје.

**Обсервер на Нова во 19 часот на 02.11.2016**

- во периодот од 19.35.43 до 19.38.30 часот емитуван е прилог „Тодоров во посета на Општата болница во Кавадарци" – во кој има разговор со министерот за здравство Никола Тодоров по повод посетата на болницата во Кавадарци, каде за проектот на ВМРО ДПМНЕ за инвестиција во медицинска опрема во здравството, кој треба да се реализира во следните четири години, се зборува како за проект на Владата.

**Обсервер на Нова во 19 часот на 03.11.2016**

- во периодот од 19.07.51 до 19.11.40 емитуван е прилог „Почна со работа странска компанија за автомобилски делови Леар" – во прилогот свое учество зема и претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски кој даде специјална изјава за овој радиодифузер (може да се види и на http://tvnova.mk/vesti/biznis/lear-korporejsh-pochna-so-rabota-vo-tirz-tetovo/) во која говореше за тоа дека е тоа „проект на кој долго работевме", при тоа преземајќи ги на себе ингеренциите на член на Владата и со ништо не споменувајќи ја партијата.

**Обсервер на Нова во 19 часот 04.11.2016**

- во периодот од 19.05.41 до 19.09.22 – емитуван е прилог „Груевски најавува комплетно реновирање на универзитетска клиника за кардиологија". Од позиција на член на Влада, претседателот на ВМРО ДПМНЕ претстави проект на Министерството за здравство со што направи прекршок по член 75 б.

**Обсервер на Нова во 19 часот на 06.11.2016**

- во периодот од 19:30:19 до 19:33:07 часот емитуван е прилог „Тодоров: Клиниката за кардиохирургија работи подобро од очекуваното" – во кој министерот за здравство Никола Тодоров при посета на Клиниката за кардиохирургија, говори за инвестициите во здравството ветени од ВМРО ДПМНЕ во предизборието со што се поврзува власта со партија.

**Обсервер на Нова во 19 часот 09.11.2016**

- во периодот од 19.31.19 до 19.33.34, емитуван е прилог Чешки "Локо Транс" ќе инвестира" – претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски информира што и како ќе инвестира една чешка компанија и што тоа ќе значи за земјава, исто така поставајќи се во позиција на дел од извршната власт;

и

- во периодот од 20.00.50 до 20.04.45, емитуван е прилог „ Груевски: Четири нови странски инвестиции ќе отворат над 1.300 нови работни места" - се прави дополнителен прилог на веќе споменатиот истиот ден, во кој се говори – освен за инвестицијата на „Локо Транс" – за уште три други инвестиции, односно видени низ очите на претседателот на ВМРО ДПМНЕ како лидер на партијата. При тоа прилогот е исткаен со низа секвенци за Никола Груевски од времето кога беше премиер - како сече ленти, прима стопанственици и слично.

Привремената комисија за следење на медиумското претставување констатираше дека со наведените прилози постои прекршување по основ на член 75-б од Изборниот законик.

Врз основа на претходно наведеното, со оглед дека прекршокот е повторен, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се поведе прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – глоба.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири ____________
2. Љубомир Костовски ____________
3. Горан Трпеноски ____________